# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК
## од областите
## БАНКАРСТВО и МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА
## на Економскиот факултет - Прилеп

Врз основа на конкурсот објавен на 29 декември 2014 год. во „Нова Македонија“ и на 30.12.2014 во „Лајм“ за избор на наставник од областите ***банкарство*** и ***меѓународна економија,*** Наставно - научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, со одлука бр. 02-112/1 од 22.01.2015 година, формира **Рецензентска комисија** за избор на наставник од областите ***банкарство*** и ***меѓународна економија,***во состав:

- д-р Славица Роческа, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп;
- д-р Глигор Бишев, насловен вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп и
- д-р Гордана Трајкоска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп

Врз основа на член 132 став 5 и 6 од Законот за високото образование како и чл. 9, чл.47, чл.48, чл.49 и чл.50 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и по разгледувањето на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневните весници **„Нова Македонија“** од 29.12.2014 година и **„Лајм“** од 30 декември 2014 година за избор на наставник од областите ***банкарство*** **и** ***меѓународна економија***, во предвидениот рок се пријавија кандидатите: д-р Драгица Оџаклиеска и д-р Ракип Малоски.

Врз основа на доставените документи Комисијата констатира дека кандидатот д-р Ракип Малоски, не ги исполнува условите за избор на наставник. Затоа, Рецезентската комисија ја зеде предвид само пријавата од кандидатот д-р Драгица Оџаклиеска, доцент на Економскиот факултет – Прилеп. Врз основа на поднесената пријава од доц. д-р Драгица Оџаклиеска ги презентираме следните аргументи во прилог на предлогот за избор:

## Биографски податоци за кандидатот д-р Драгица Оџаклиеска

Драгица Оџаклиеска е родена на 03.02.1980 година во Прилеп. Основното образование го завршила 1994 година во Крушево, во основното училиште "Никола Карев", со континуиран одличен успех. Таа учествувала на повеќе натпревари од различни области и добила бројни награди и пофалници на општинско и на републичко ниво. Како резултат на тоа, по завршувањето на основното училиште, користела стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование.

Средното образование го завршила во Крушево во 1998 година во државното средно училиште "Наум Наумовски - Борче", со одличен успех.

По завршувањето на средното образование, во учебната 1998/99 година, се запишала на Економскиот факултет – Прилеп, на насоката маркетинг менаџмент и истиот го завршила на 27 јуни 2002 година, со просечен успех 9,78. Во академската 2001/02 година била прогласена за најдобар студент на генерацијата на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола.

Во учебната 2002/03 год., Д. Оџаклиеска се запишала на последипломскиот студиум по Бизнис администрација – МБА менаџмент (фокусен сегмент – финансиски менаџмент) на Економскиот факултет во Прилеп, каде што предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,90. На 14.07.2006 година, пак, успешно го одбранила магистерскиот труд на тема "Долгорочните извори на финансирање и цената на капиталот во функција на оптимализација на финансиската структура на трговските друштва" и се стекнала со научен степен магистер по Бизнис администрација – МБА менаџмент. На 15.04.2010 година успешно ја одбранила докторската дисертација на тема **"Пазарот на капитал во функција на ефикасен портфолио менаџмент".**

Од 2001 до 2004 година беше ангажирана како демонстратор за изведување вежби на Економскиот факултет – Прилеп, и тоа по предметите: финансиски менаџмент, математика за економисти, компјутерска техника и информатика, маркетинг истражување, финансиски пазари и институции и банкарски менаџмент. Од 29.12.2004 година беше вработена како помлад асистент на група финансиски дисциплини. Во јуни 2007 година е реизбрана за асистент по група **финансиски дисциплини** и е вклучена во наставно – образовниот процес преку реализација на вежбите по предметите: *пари и банкарство, финансиски менаџмент, банкарски менаџмент и меѓународни финансии.*

На 29.05.2010 година е избрана за наставник по предметот ***пари и банкарство***, а на 16.09.2010 година за наставник по предметот ***меѓународни финансии,*** во звање доцент на Економскиот факултет – Прилеп

Кандидатката д-р Драгица Оџаклиеска, добро го познава англискиот јазик, а пасивно се служи и со францускиот јазик.

## Учество во реализација на наставата

Кандидатката д-р Драгица Оџаклиеска успешно ја реализира наставата на следниве наставни дисциплини на Економскиот факултет - Прилеп:

- пари и банкарство и меѓународни финансии – прв циклус на студии;

- портфолио менаџмент, инвестициско банкарство, менаџмент со финансиски ресурси и управување со обртни средства – втор циклус студии.

Во академската 2014/2015 год. кандидатката изведуваше настава по предметот ***финансиски менаџмент*** на прв циклус студии на ***Факултетот за информатички и комуникациски технологии во Битола***.

Д-р Драгица Оџаклиеска досега била ментор на 8 магистерски трудови и на над 70 дипломски трудови, била член во комисиите за оценка и одбрана на повеќе магистерски трудови, како и член во комисиите за оценка и одбрана на неколку докторски дисертации, со што активно партиципирала и дала свој придонес во стручното и научното усовршување на помлади наставници.

Од октомври 2014 год. кандидатката д-р Драгица Оџаклиеска ја извршува функцијата секретар на Катедрата за економија и развој. Исто така, таа е член и на Комисијата за самоевалуација на Економски факултет-Прилеп.

За успешноста во реализацијата на наставно-образовната дејност е потврда и позитивната оценка од самоевалуацијата. Имено, од резултатите на извршената самоевалуација произлегува дека кандидатката д-р Драгица Оџаклиеска позитивно е оценета на сите испитувани индикатори вклучени во анкетното истражување за самоевалуација. Имено, 97,84% од вкупо 139 анкетирани студенти потполно или главно се согласуваат дека наставникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата и дека за време на предавањата е посветен и предизвикува интерес кај студентите. Исто така, 85,61% од анкетираните студенти одговориле дека наставникот користи интерактивни методи на настава, ги мотивира студентите за вклучување во наставниот процес, а 94,24% дека наставникот стимулира дополнителни активности на студентите. Освен тоа, 99,28% од анкетираните студенти потенцирале дека наставникот редовно ја изведува наставата, а 97.12% од студентите во потполност или главно се согласуваат дека личната култура на наставникот и неговиот однос кон студентите се на соодветно ниво. По однос на оценувањето на постигнувањата на студентите, 94,24% посочиле дека резултатите од работата на студентите објективно се оценуваат од страна на наставникот, а 90.65% од студентите потполно или главно се согласуваат дека предметната програма е покриена со соодветна литература и вклучува современи содржини.

Согласно претходно наведеното, Рецензентската комисија го оцени како ***исклучително позитивен*** Извештајот од самоевалуацијата за кандидатката д-р Драгица Оџаклиеска.

## Учество во проекти и реализирани кратки студиски престои во странски универзитети

Д-р Драгица Оџаклиеска досега учествувала во следниве меѓународни проекти:

- Проект за повеќедимензионалното интернационално рангирање на Универзитетите U-Multirank, финансирано од Европската комисија, 2013 година;

- Continuing Education in European Affairs: Establishment of a “European Integration Training Center (EITC), TEMPUS JEP – 17013-2002;
- Заеднички европски ТЕМПУС проект 18023-2003, под наслов “Интегрирање и структуирање на меѓународната соработка на универзитетите во Република Македонија”.

Кандидатката Оџаклиеска има реализирано студиски престој во Bruges, Белгија (College of Europe) во Рамките на ТЕМПУС проектот за Континуирана едукација за европски работи: основање Тренинг центар за европска интеграција, од 04.07.2005 до 22.07.2005 година.

## Список на објавени научни трудови

***Објавени трудови во периодот 2010 - 2014***

1. Trajkoska G., Odzaklieska D., **Strategies for managing the derivative financial instruments,** 16th International Scientific Symposium, Strategic management and Decision Support Systems in Strategic Management, Conference Proceedings, SM 2011, Faculty of Economics, Subotica, 2011;
2. Vitanova G., Trajkoska G., Odzaklieska D., **Analysis of people’s information about the reformed retirement plan in the Republic of Macedonia**, Majska konferencija o strategijskom menadzmentu, Univerzitet u Beogradu, Tehnicki fakultet u Boru, maj 2012, str. 769-780;
3. Odzaklieska D., Trajkoska G., Vitanova G., **Portfolio management in banking institutions of the Republic of Macedonia**, International Conference, South –East European Countries towards European Integration, University Aleksander Xhuvani, Faculty of Economics, Elbasan, Albania, ISSN 2221-5956, October, 2012, p. 365-370;
4. Odzaklieska D., Vitanova G, Trajkoska G., **The capital market development in the function of efficient portfolio management in the Republic of Macedonia**., 2$^{nd}$ REDETE 2012 Conference, International Scientific Conference Economic Development and Enterpreneurship in Transition Economies:A Search For New Paradigms, Conference Proceedings2012 (ISSN 2233-1034, ISBN 978-99938-46-54-3), Banja Luka, October, 2012, 240-247;
5. Bishev G., Odzaklieska D., **Effects of the Global Economic Crises on the Economies of the Western Balkan,** International Conference Economic Integration, Competition and Cooperation, Conference Proceedings, University of Rieka, Faculty of Economics, april 2013, p. 210-220;
6. Vitanova G., Trajkoska G., Odzaklieska D., **Reformed pension fund’s perspectives on the financial market in the Republic of Macedonia,** 18th International Scientific Symposium, Strategic management and Decision Support Systems in Strategic Management, Conference Proceedings, SM 2013, p.356-365;
7. Odzaklieska D., Sotiroski K. Todoroska M., **Development Perspectives of Investment Funds in Republic of Macedonia**, TEM Journal (Technology

Education Management Informatics ISSN: 2217-8309, (Print), eISSN: 2217-8333 (Online).Vol.2, N0.4, November 2013, p. 341-349;

8. Vitanova G., Odzaklieska D., Trajkoska G., **Equity financing and the issuance of securities on the Macedonian Stock Exchange**, International Scientific Conference Economy of Integration ICEI 2013, Conference Proceedings, University in Tuzla, Faculty of Economics, Tuzla, December 2013, p. 565-579;
9. Odzaklieska D., Trajkoska G., Vitanova G., **Options as an instrument for risk management**, International Scientific Conference Economy of Integration ICEI 2013, Conference Proceedings, University in Tuzla, Faculty of Economics, Tuzla, December 2013, p.471-483;
10. Vitanova G, Trajkoska G., Odzaklieska D., Spaseska T., Sotiroski K., **Life insurance in Republic of Macedonia – Luxury or Necessity**, TEM Journal (Technology Education Management Informatics), ISSN: 2217-8309, (Print), eISSN: 2217-8333 (Online), Vol.3, N0.2, May 2014, p. 134-139;
11. Vitanova G, Trajkoska G., Odzaklieska D., Sotiroski K., Kuzmanoska S., **Knowledge of the population in the purpose of developing investment funds in Republic of Macedonia**, Annals of the "Constantin Brâncuşi" University of Târgu Jiu, ECONOMY SERIES, ISSUE 2/2014, "ACADEMICA BRÂNCUŞI", ISSN 2344 – 3685/ ISSN-L 1844 – 7007, Târgu Jiu, May, 2014, p.52-61;
12. Витанова Г, Оџаклиеска Д., **Лизингот како форма на финансирање на деловните субјекти во Република Македонија**, Еквилибриум бр.15, Економски факултет, Прилеп, 2014, стр.15-17;
13. Vitanova G, Trajkoska G., Odzaklieska D., **Investing in pension funds as security factor in the third age of life**, International Scientific Journal Horizons, University St. Kliment Ohridski, Bitola, Volume 14, September 2014, p.121-131;
14. Trajkoska G., Vitanova G., Odzaklieska D., Spaseska T., **Alternative sources of SMEs financing in Republic of Macedonia,** International Conference SMEs Development and Inovation:Building Competitive Future of South-Eastern Europe, Conference Proceedings, October, 2014, p.891-899;
15. Vitanova G., Odzaklieska D., **Credit risk management in the Republic of Macedonia during the post-recession,** труд презентиран на Меѓународната научна конференција The economy and business in post-recession, Економски факултет-Прилеп, 29 октомври 2010.

***Објавени трудови пред 2010 година***

1. **Финансиската политика на стопанските субјекти во функција на оптимализирање на залихите**, Годишник на Економскиот факултет, Прилеп, 2003, (во коавторство);

2. **Капиталната структура на стопанските субјекти во функција на максимизирање на профитабилноста,** Годишник на Економски факултет – Прилеп, 2005, (во коавторство);
3. **Извештајот за паричните текови како релевантна подлога за донесување деловни одлуки**, Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција на тема "Предизвиците на новата економија", Охрид, 2005, (во коавторство);
4. **Долгорочните извори на финансирање и цената на капиталот во функција на оптимализација на финансиската структура на трговските друштва**, магистерски труд, Економски факултет, Прилеп, 2006;
5. **Informisanje u funkciji zaštite interesa investitora,** Ekonomske teme No.3, Ekonomski fakultet, Niš, YU ISSN 0353-8648, 2007 godina, (во коавторство);
6. **Cash flow statement - Financial policy instrument for the enterprise in transition,** Majska konferencija o strategijskom menađmentu, Bor, 2007, (во коавторство);
7. **Notification as the core element towards investors' interest protection,** International Scientific Conference ECO-Trend 2007, University of Târgu – Jiu, Romania, 2007, (во коавторство);
8. **Option strategies as an instrument for the companies financial policy,** Меѓународна конференција на тема "Бизнисот и глобализацијата", Охрид, 2007, (во коавторство);
9. **Futures contracts as an instrument for increasing the portfolio performances**, International Scientific Conference ECO-Trend 2008, University of Târgu – Jiu, Romania, 2008;
10. **Macedonian Stock Exchange development in the period of transition,** Majska konferencija o strategijskom menađmentu, Tehnicki fakultet, Bor, 2009, (во коавторство);
11. **The meaning of investment funds for the development of the stock market in the Republic of Macedonia,** International Scientific Conference ECO-Trend 2009, University of Târgu – Jiu, Romania, 2009, (во коавторство);
12. **Пазарот на капитал во функција на ефикасен портфолио менаџмент**, докторска дисертација, Економски факултет, Прилеп, 2010.

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложената документација од кандидатката д-р Драгица Оџаклиеска, во која се содржани податоците за нејзината стручна, научна и наставна активност, може да се констатира дека таа покажува перманентен прогресивен научен и професионален развој.

Кандидатката Д. Оџалклиеска е вклучена во наставнообразовниот процес на Економскиот факултет Прилеп од 2001 година, на почетокот како демонстратор, а потоа како соработник на група финансиски дисциплини. Во овој период таа успешно ги организира и реализира вежбите по следниве наставни дисциплини: пари и банкарство, банкарски менаџмент, финансиски менаџмент, меѓународни финансии, финансиски пазари и институции и др. Во 2010 година Драгица Оџаклиеска е избрана во звањето доцент по предметите меѓународни финансии и пари и банкарство, при што, до денес таа ***квалитетно и одговорно*** ги исполнува своите обврски во наставнообразовниот процес.

Врз основана резултатите од спроведената евалуација од студентите е евидентно дека кандидатката Д. Оџаклиеска поседува респектабилно педагошко искуство и користи педагошки методи преку коишто не само што успешно им ги

пренесува своите знаења на студентите, туку ја поттикнува и ја развива нивната креативност.

Целокупниот едукативен background на кандидатката и нејзиното професионално усовршување покажуваат континуитет којшто се реализира, пред се, во областите на финансиите и банкарството.

Творечкиот опус на кандидатката јасно индицира дека таа перманентно се занимава со истражувачка работа којашто резултира со голем број објавени научни и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија. Исто така, е евидентно нејзиното учество на повеќе научни собири во земјата и странство. Притоа, треба да се потенцира дека приложените трудови на кандидатката се претежно од областите на меѓународните финансии и банкарството и директно кореспондираат со областите на коишто конкурира.

Врз основа на изнесените и аргументирани констатации во Извештајот, а имајќи ја предвид претходно презентираната содржина, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ***ги исполнува*** сите предвидени услови согласно Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп да ја избере д-р Драгица Оџаклиеска за ***наставник во звање вонреден професор*** од областите ***банкарство*** и ***меѓународна економија***.

**Прилеп**
03.02.2015 год.

**Рецензентска комисија:**

1. д-р Славица Роческа, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп

2. д-р Глигор Бишев, насловен вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп

3. д-р Гордана Трајкоска, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп